
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 01-106/1
21.03 2022 год.
ШТИП

ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ
Р Е Г И О Н

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2021 ГОДИНА



Март 2022

ПРЕДЛАГА:
Директор на Центарот за развој на Источен плански регион

ИЗГОТВУВА:
Центар за развој на Источен плански регион

УСВОЈУВА:
Совет за развој на Источен плански регион

Врз основа на член 4 став 1 алинеа 15 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Источниот плански регион (од 2008 година и од 2021 година), Центарот за развој на Источен плански регион го подготви следниот:

Годишен извештај за работењето на
Центарот за развој на Источен плански регион
за 2021 година

ОПШТ ДЕЛ

I. ВОВЕД

Центарот за развој на Источен плански регион (ЦРИПР), согласно Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 24/21 и 174/21) во својство на правно лице е основан од страна на единиците на локалната самоуправа што влегуваат во состав на Источниот плански регион (Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево и Штип).

Центарот е регистриран на 26 мај 2008 година и започна со работа од 1 октомври 2008 година, по назначувањето на Раководител на Центарот.

Надлежностите и делокругот на работа на Центарот за развој се утврдени во член 30 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 24/21 и 174/21).

Седиштето на Центарот е во Општина Штип, како единица на локална самоуправа со најголем број жители (член 26 став 7 од Законот за рамномерен регионален) на ул.„Ванчо Прке“ број 119 кат 2, 2000 Штип, Тел: 032/386-408, 032/386-409, www.eastregion.mk.

II. СТРУКТУРА НА ОРГАНИЗАЦИОНАТА ПОСТАВЕНОСТ

2.1. *Директор*

Директор на Центарот за развој на Источен плански регион.

2.2 *Администрација*

А. Одделение за стратешко планирање и имплементација на проекти, поддршка на бизнис секторот и информатичко-комуникациска технологија

- Раководител на одделение
- Координатор за стратешко планирање и регионален развој
- Координатор за регионален развој и инвестициски проекти
- Соработник за поддршка на бизнис секторот, регионален развој и информатичко-комуникациска технологија

Б. Одделение за нормативно-правни работи, општи работи и управување со човечки ресурси

- Раководител на одделение
- Координатор за нормативно-правни работи, општи работи и управување со човечки ресурси
- Соработник за административно-технички работи
- Хигиеничарка

В. Одделение за јавни набавки

- Раководител на одделение
- Координатор за јавни набавки

Центарот во 2021 година има вкупно осум вработени. Шест се во редовен работен однос, еден директор кој се избира на четири години, три координатори за регионален развој, еден координатор за нормативно-правни работи, општи работи и управување со човечки ресурси, координатор за јавни набавки и двајца вработени на проекти (на определено време) од кои еден координатор на проектот „Бизнис центар за поддршка и советодавни услуги за мали и средни претпријатија” и еден координатор на проектот „Културен мост низ вековите”.

Бројот на вработените по работни места е: Директор – еден извршител (1), Координатор за стратешко планирање и регионален развој - тројца извршители (3), Координатор за нормативно-правни работи, општи работи и управување со човечки ресурси – еден извршител (1), Координатор за јавни набавки - еден извршител (1) и двајца координатори вработени на проекти - двајца извршители (2).

III. ПОРТФОЛИО НА УСЛУГИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

3.1 Услуги за поддршка на Советот за развој на Источен плански регион

- Поддршка на работата на Советот на регионот.

3.2 Услуги за поддршка на Советот за социјална заштита на Источен плански регион

- Поддршка на работата на Советот на регионот.

3.3. Услуги за поддршка на Меѓуопштински совет за управување со отпад во Источен плански регион

- Поддршка на работата на Советот на регионот

3.4 Услуги за општо информирање

- Интернет страна: www.eastregion.mk , www.investineastregion.mk;
- Facebook: Centre for Development of the East planning region;
- Facebook: Regional social point in East planning region;
- YouTube: East Planning Region;
- Поддршка на порталот: www.culturalbridge-cbc.org;
- Поддршка на порталот www.ipacbc-joint-future.org;
- Поддршка на порталот: www.cbc-green.com;

3.5 Консултански услуги за подготовка и имплементација на проекти

- Информирање за достапни фондови и отворени повици;
- Подготовка на предлог - проекти;
- Реализација на проекти;
- Фасилитирање партнерства;
- Советувања при имплементација на проекти.

3.6 Обуки, работилници и услуги

- Реализација на обуки и работилници;
- Организација и менаџирање на обуки од трети лица;
- Организација на средби помеѓу засегнати страни од регионот и надвор од него;
- Настани за градење свесност за Регионалниот развој;
- Изработка на извештаи и анализи од регионалниот развој.

3.7 Услуги за промоција

- Организирање на промотивни настани и учество на саеми и друг тип настани во име на регионот;
- Организирање на информативни денови за промоција на потенцијалите на регионот;
- Подготовка на промотивни материјали за регионот;
- Поддршка при учество на саеми и други манифестации.

3.8 Лобирање

- Лобирање за различни програми за засегнати страни од регионот;
- Лобирање за потребите на бизнис секторот.

3.9 Поддршка и советодавни услуги за мали и средни претпријатија

- Организирање на промотивни настани и советодавни информативни средби;
- Формирање дата база на податоци за евиденција на развојните потенцијали на општините и на планскиот регион;
- Интерактивен веб портал.

3.10 Услуги за промоција на социјално претприемништво

- Промовирање на социјални претпријатија;
- Поддршка за учество на саем за социјални претпријатија;
- Организација и средби помеѓу засегнати страни на национално и регионално ниво;
- Подигнување на свесност за социјално претприемништво.

3.11 Зајакнување на регионот како атрактивна дестинација за еко туризам

- Организација на средби помеѓу засегнати страни од регионот и пошироко;
- Градење на капацитети на општините за потенцијалите од развојот на еко туризмот;
- Подготовка на промотивни материјали за регионот.

АКТИВНОСТИ НА ЦЕНТАРОТ ВО 2021 ГОДИНА

I. Аплицирани и одобрени проекти финансирани од страна на Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој за 2020 година

Врз основа на известување од Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој за прибирање на предлог-проекти за развој на планските региони за финансирање во 2020 година, Центарот за развој на Источен плански регион на 15.12.2019 година до Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој поднесе 4 (четири) предлог-проекти, за реализација во 2020 година. Проектите под реден број 3 и 4 се реализирани, а проектот по реден број 1 е во фаза на реализација.

Ред. број	Назив на проектот	Статус на проектот	Потребни средства	Извор на финансирање
1.	„Создавање на услови за развој на културен туризам во Источен плански регион - Реконструкција на културен дом „Тошо Арсов” во Општина Виница“	Во фаза на реализација	18.480.548,00	Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Виница
2.	„Подобрување на условите за живот на населението во руралните средини во Источен плански регион - Изградба на водоснабдителен систем во село Моштица - Општина македонска Каменица (фаза 1)“	Одбиен	32.758.220,00	Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Македонска Каменица
3.	„Подобра инфраструктура за подобри услови - Креирање на сообраќајно решение за надминување на сообраќајниот метеж во Источен плански регион“ Општина Штип	Реализиран	18.671.875,00	Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Штип
4.	„Збогатување на туристичка понуда со партерно уредување со поставување на урбана опрема на Црнодолски водопади“ Општина Пехчево	Реализиран	6.530.181,00	Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Пехчево

Јавната набавка за избор на ЕО за проектот под реден број 1 беше распишана веднаш по склучувањето на договорот, во месец март 2020 година, а по изминувањето

на сите законски рокови и по доставувањето на банкарската гаранција, во месец мај беше склучен Договор за изведба со избраниот ЕО. На 24.07.2020 година Договорот со избраниот ЕО беше раскинат поради неисполнување на одредбите од Договорот, по што беше наплатена банкарската гаранција.

Имајќи ги во предвид временските рокови предвидени со склучениот Договор меѓу ЦРИПР и БРР, беше доставено Барање за продолжување на рокот за реализација на овој проект и е потпишан Анекс кон Договорот наш бр. 08-67/1 од 14.02.2020 година, со кој што рокот за реализација на проектот се продолжува заклучно до 30.08.2021 година.

Последователно согласно Законот за јавни набавки, беше доставено Известување до второрангираниот изведувач за склучување на Договор. Договорот со второрангираниот изведувач беше склучен во почетокот на месец октомври со услов за доставување на банкарска гаранција во рок од 15 дена по склучувањето. Бидејќи избраниот ЕО и покрај потпишаниот Договор, не обезбеди банкарска гаранција во предвидениот рок, склучениот Договор е неважечки по што Центарот за развој на Источен плански регион повторно распиша јавна набавка и избор на нов ЕО.

Јавната набавка по втор пат беше распишана во месец декември 2020 година и истата се заврши со потпишување на договор за изведба на работи со избраниот ЕО на ден 19.02.2021 година и истиот ги започна градежните активности. Во текот на реализацијата на предвидените активности се појавија промени во фактичката ситуација кои наложуваа да се направат измени во тек на градба кои го пролонгираа рокот на завршување на работите. По последно добиеното одобрување за продолжување на рокот на реализација на договорот од страна на Бирото за регионален развој, а имајќи го во предвид степенот на досега реализираните градежни активности, се очекува ЕО да ги заврши градежните активности заклучно со 30.06.2022 година.

II. Аплицирани проекти финансирани од страна на Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој за 2021 со индикативни средства за 2022 година

Согласно обврските од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РМ“ бр. 63/07, 187/13, 43/14, 215/15 и 64/18) Центарот за развој на Источен плански регион на 15.12.2020 година до Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој поднесе 4 (четири) предлог-проекти за развој на планските региони за реализација во 2021 година.

Со донесувањето на новиот Закон за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 24/21 и 174/21) и новата двогодишна Програма за изменување и дополнување на Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 со индикативно планирани средства за 2022 година (Сл. весник на РСМ бр. 84/2021), Центарот за развој на 09.08.2021 година поднесе дополнителни 4 (четири) предлог-проекти за развој на планските региони за реализација во 2022 година.

Ред. број	Назив на проектот	Статус на проектот	Потребни средства	Извор на финансирање
1.	Градски пазар во Делчево – отворен и затворен дел (II фаза)	Потпишан договор со БРР, во постапка за распишување на ЈН	18.853.783,00	Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Делчево
2.	Осветлување на дел на магистрален пат А3 кој поминува низ Македонска Каменица	Потпишан договор со БРР, во постапка за распишување на ЈН	10.388.055,00	Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Македонска Каменица
3.	Збогатување на содржините за рекреација во Источен регион – Смарт и авантуристички паркови во општините Штип и Кочани	Потпишан договор со БРР, во постапка за распишување на ЈН	10.620.388,00	Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Штип, Општина Кочани
4.	Подобрување на инфраструктурата за развој на туризмот – локален пат во Берово и доуредување на локалитет Лесново	Склучени договори, во фаза на реализација	10.054.560,00	Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Берово, Општина Пробиштип
5.	Подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура во ИПР - Електрификација и партерно уредување на археолошки локалитет Баргала и Конзервација и реставрација на споменик на културата Саат Кула во Штип	Позитивно оценет, на резервна листа за средства	11.070.076,00	Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој)

6.	Енергетски ефикасен, пристапен и достапен објект за сите - општина Виница	Потпишан договор со БРР, во постапка за распишување на ЈН	12.010.245,00	Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Виница
7.	Партерно уредување на рекреативен центар во туристичка населба Рамна река - Општина Пехчево	Потпишан договор со БРР, треба да се дообезбедат средства од заштедените за целосна реализација	12.736.942,00	Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Пехчево
8.	Изработка на технички документации за унапредување и промоција на конкурентските предности на Источен плански регион	Позитивно оценет, на резервна листа за средства	7.439.814,00	Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој)

III. Аплицирани проекти за финансирање од Програмата за специфични развојни потреби за 2021 година

Согласно објавениот јавен повик од страна на Бирото за регионален развој во рамките на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 со индикативно планирани средства за 2022 година (Сл. весник на РСМ бр. 84/2021), Центарот за развој на Источен плански регион на 04.05.2021 година до Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој поднесе 1 (еден) предлог-проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби за 2021 година.

Проектот „Зголемување на искористеноста на природните можности на Источниот регион во насока на промоција и поддршка на органското земјоделско производство“ предвидуваше регулација на дел од каскадите на река Зрновка и поддршка на 10 (десет) локални земјоделски производители за воспоставување на органско земјоделство производство со набавка на соодветна опрема.

Проектот беше позитивно оценет, меѓутоа поради недостаток на средства не беше поддржан за финансирање.

IV. Аплицирани и одобрени проекти за финансирање од Програмата за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој за 2021 година

Ред. број	Назив на проектот	Статус на проектот	Буџет	Извор на финансирање
1.	„Подобрување на руралната патна инфраструктура преку изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во Источен плански регион”	Реализиран	1.534.532,00	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
	Рехабилитација на полски пат во село Вирче, општина Делчево			
			Вкупна должина:	**1000 метри**
			Вкупен буџет со ДДВ:	**1.851.715,00**

Добиена е согласност од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за доискористување на заштедените средства од распишаната јавна набавка во висина од 487.457,00 денари, па во моментот се работи на распишување на нова јавна набавка за доизградба на патот во село Вирче за дополнителни 500 метри.

V. Реализација на проекти за финансирање од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој

Од Повикот од 2015 година, проектот „Изработка на УПС во Општините Кочани, Чешиново-Облешево, Карбинци, Пехчево, Зрновци и Македонска Каменица" е сè уште во фаза на реализација, со вкупен буџет од 22.886.095,00 денари.

Ред. бр.	Назив на проектот	Буџет	Статус	Извор на финансирање
1.	Изработка на УПС за села во ИПР за општините Кочани, Карбинци, Македонска Каменица, Зрновци, Чешиново-Облешево и Пехчево	22.886.094,00	Во финална фаза на реализација Во тек на 2021 година се усвоија 6 (шест) УПС за Спиково, Негрево, Чифлик, Црник (општина Пехчево), Мородвис (општина Зрновци) и Оризари (општина Кочани). Останува да се заврши постапката за уште 3 (три) УПС за целосна реализација на проектот.	**Мерка 322** АФПЗРР Кофинансирање од страна на општини Кочани, Карбинци, Македонска Каменица, Зрновци, Чешиново-Облешево и Пехчево;

Центарот до АФПЗРР по однос на вториот повик 2018 година поднесе предлог-проекти по следните мерки:

- Мерка 321 – Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини;
- Мерка 323 – Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја;

Ред. бр.	Назив на проектот	Буџет	Статус	Извор на финансирање
1.	Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини: Развој на јавна инфраструктура во рурални средини Изградба на пристапни патишта за планински населени Вртешка, Кепекчелија и Калаузлија и нивно поврзување со регионален пат Р2431	14.687.119,00	Реализиран; Финансиски исплатен 03/2021	**Мерка 321** АФПЗРР Кофинансирање од општина Карбинци;
2.	Зачувување и унапредување на традиционални вредности во рурални подрачја Изградба на	14.030.426,47	Реализиран; Останува финансиска исплата.	**Мерка 323** АФПЗРР

	пристапен пат од с. Оризари до манастирот Пресвета Богородица – туристичка населба Добра Вода		Дел исплатен декември 2021, се очекува ко-финансирање од општина Кочани	Кофинансирање од општина Кочани;

VI. Реализација на проекти финансирани од Националниот буџет

Иницијативата на Советот за развој на Источен плански регион која беше доставена до Владата на Република Македонија во 2019 година заедно со изработената Физибилити студија за воспоставување на ски центар на Царев Врв, беше прифатена и воспоставувањето на ски центар на Царев Врв е внесен во планот на стратешки проекти на Владата.

Во текот на 2021 година, Центарот за развој на Источен плански регион одржа информативен состанок со Заменик претседателот на Владата и Вице премиер за борба против корупција, управување со човечки ресурси и одржлив развој, градоначалниците на општините Кочани, Пробиштип, Македонска Каменица и Крива Паланка, претстедателот на Советот за развој на Источен плански регион, надворешни и домашни експерти од областа, заради запознавање со деталите од Физибилити студијата и утврдување на идните чекори.

Подготвителните активности вклучуваа изработка на проектна задача за изработка на Мастер план, во кој ќе се изработат линиски инфраструктурни проекти за подрачјето од интерес, како и ажурирани геодетски подлоги, кои во следната фаза би се искористиле за подготовка на детални основни проекти за фазен развој на ски центарот Царев Врв.

VII. Реализирани проекти финансирани во рамки на ИНТЕРРЕГ (ИПА) Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија 2014-2020

Во рамките на ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Бугарија - Македонија 2014-2020 година, II (втор) повик, Центарот за развој на Источен плански регион, во мај 2018 година поднесе 2 (два) предлог-проекти и истите беа одобрени за финансирање.

Прв проект е „Нашето заедничко минато - патека за заедничка иднина", Центарот е водечки партнер, а Општина Гоце Делчев од Бугарија е проектен партнер. Договорот за финансирање на проектот е потпишан на 12.07.2019 година, а реализацијата е завршена на 11.07.2021 година.

Втор проект е „Културен мост низ вековите", Народното читалиште „Георги Тодоров - 1885" е водечки партнер, а Центарот е проектен партнер. Договорот за финансирање на проектот е потпишан на 04.09.2019 година, а реализацијата е завршена на 03.09.2021 година.

Ред. бр.	Назив на проектот	Буџет ЕУР	Статус	Носител / Партнер	Извор на финансирање
1.	„Нашето заедничко минато - патека за заедничка иднина" Реконструкција на мултикултурен центар во Кочани	**315.825,62 €** вкупно 562.353,54 €	Реализиран	Центар за развој на Источен плански регион / општина Гоце Делчев	ИНТЕРРЕГ ИПА Програма за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Бугарија
Центарот за развој на Источен плански регион во текот на 2021 година продолжи со реализација на конкретни активности во рамки на проектот, и тоа: - Целосна реконструкција на мултикултурен центар во општина Кочани; - Реализирани серија на обуки за одржливо искористување на културата за развој на туризам во регионот во периодот април-мај 2021 година за 40тина учесници. Зајакнување на капацитетите на локалните самоуправи и културните институции во регионот со единствена цел креирање на интегрирана туристичка понуда со соодветна интерпретација на културното наследство; - Јакнење на капацитетите за дигитални трендови во туризмот (технологија и алатки), развој на вештини во употребата на дигитални технологии за развој наменета за претставници од јавниот и приватниот сектор во областа на туризмот; - Презентација на културното наследство, традиција и фолклор на ИПР на Меѓународниот ден на танцот во општина Гоце Делчев, Р. Бугарија. Над дваесетина учесници од две фолклорни друштва од регионот ја претставија културната традиција, обичаи и наследство на Меѓународниот ден на танцот, заедно со уште десетина други фолклорни групи и ансамбли од прекуграничниот регион; - Реализирана 5 (пет) дневна презентација на култура и традиција на општина Гоце Делчев, Р. Бугарија во општина Кочани;				

<table>
<tr><td colspan="6">- Реализирана 5 (пет) дневна ученичка екскурзија на тема „Нашето културно наследство“ во општина Гоце Делчев, Р. Бугарија;</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>„Културен мост низ вековите”
Конзерваторски работи на црква Св. Власие, пристап и осветлување</td><td>185.187,62 €
вкупно 406.222,44 €</td><td>Реализиран</td><td>Народното читалиште „Георги Тодоров - 1885” / Центар за развој на Источен плански регион</td><td>ИНТЕРРЕГ ИПА Програма за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Бугарија</td></tr>
<tr><td colspan="6">Центарот за развој на Источен плански регион во текот на 2021 година продолжи со реализација на конкретни активности во рамки на проектот, и тоа:
- Конзервација и реставрација на средновековна црква Свети Власие, изградена пристапна патека, електрификација и урбана опрема;
- Јакнење на капацитетите на заинтересирани страни во областа на Управување со културни настани и културно наследство, значењето на културните настани за развој на културниот туризам и одлжливо управување со културното наследство за 30 претставници од соодветниот сектор во регионот;
- Реализирани обука за туристички водичи;
- Организиран тридневен Саем на туризам во општина Белица;
- Организиран тридневен Саем на туризам во општина Штип;
- Патувачка презентација на општина Белица, Република Бугарија во општините Кочани, Виница и Делчево;</td></tr>
</table>

VIII. Проекти финансирани од меѓународни извори на финансирање

Ред. бр.	Назив на проектот	Буџет	Временска рамка	Носител / партнер	Извор на финансирање
Програма за зачувување на природата – фаза II					
1.	Подготовка на материјали за промоција на ИПР како атрактивна туристичка дестинација	1.376.000,00	2020 - 2021	ЦРИПР	Швајцарска Агенција за развој и соработка
Програма за зачувување на природата – излезна фаза					
2.	Унапредување на Туристичката понуда во Осогово, Малешево и околината	1.152.623,00	2021 - 2022	ЦРИПР	Швајцарска Агенција за развој и соработка
Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – I фаза					
3.	Доградба и реконструкција на Дом за стари лица - Берово	7.371.598,00	2020 - 2021	ЦРИПР	МЛС Швајцарска Агенција за развој и соработка, општина Берово
4.	Изработка на Програма за развој на Источен плански регион 2021-2026	361.700,00	2020 - 2021	ЦРИПР	МЛС Швајцарска Агенција за развој и соработка
УНДП					
5.	Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион	2.623.750,00	2021 - 2022	ЦРИПР 11 општини од ИПР	УНДП и БРР
ЕУ					
6.	Поддршка и промоција на социјално претприемништво во Источен плански регион	836.400,00	2021 - 2022	ЦРИПР	ЕУ

IX. Активности на Бизнис Центарот во рамки на Центарот за развој на Источен плански регион за 2021 година

Со цел зголемување на конкурентноста на планските региони преку поддршка на малите и средни претпријатија и на претприемништвото, во текот на 2014 година формирани се Бизнис Центри за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во рамките на постојните Центри за развој на планските региони. Ваков Бизнис Центар е формиран и во Источниот плански регион во состав на Центарот за развој на Источен плански регион - Штип, кој треба да ги надополни постојните услуги насочени кон бизнис секторот во квалитет - целисходност, применливост и додадена вредност и квантитет - зголемено мени на услуги и опфат на корисници. Проектот финансиски е поддржан од Министерството за локална самоуправа и Швајцарската агенција за развој и соработка.

Во текот на 2021 година Бизнис Центарот спроведе серија на активности сè со цел поддршка на бизнис секторот во регионот во насока на поттикнување на економскиот раст и развој во регионот. Како дел од активностите на Бизнис Центарот беа спроведени:

- Информативна објава за годишни активности на ФИТР за 2021 година;
- Објава за јавен повик за кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст;
- Објава на јавени повици за поддршка на туристичкиот сектор од Министерство за економија;
- Инфо сесија за презентација на инструментот за поддршка Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст на ФИТР;
- Објава на јавен повик за финансиска поддршка за женско претприемништво;
- Објава за јавен повик за „Дигитализација на земјоделство“;
- Објавен јавен конкурс за инструмент за поддршка: Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф;
- Презентација на условите за аплицирање на отворениот јавен повик за финансирање под инструмент за поддршка „Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин оф“;
- Презентација на инструментот за поддршка Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации на Фондот за иновации и технолошки развој;
- Редовно соопштување до локалните медиуми и испраќање на покани за тековните активности што следат, организирање на настани и слични активности на Бизнис центарот при Источен плански регион;
- Постојано ажурирање на интерактивниот веб портал: www.investineastregion.mk;
- Постојано ажурирање на facebook страната: Бизнис центар на Источен плански регион
- Ажурирање на Електронската регионална база на податоци за институции и фирми кои нудат услуги за развој на приватниот сектор (непрофитни, образовни, локални агенции и единици на владини агенции, консалтинг фирми, правници, сметководители и сл.);
- Ажурирање на Електронската регионална база на податоци за достапните „greenfield“ и „brownfield“ локации;

X. Спроведени јавни набавки од страна на Центарот за развој на Источен плански регион

Во текот на 2021 година Центарот за развој на Источен плански регион ги реализираше следните јавни набавки согласно Законот за јавни набавки:

1. **Набавки од мала вредност:**

- Набавка на дизел гориво за службено патничко моторно возило – ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V);
- Набавка на услуги од друштво за вршење сметководствени работи;

2. **Поедноставена отворена постапка:**

- Рехабилитација на полски пат во село Вирче, општина Делчево;
- Ангажирање на приватна агенција за вработување, заради вршење на привремени вработувања и/или посредување за вработување;

XI. Седници на Советот за развој на Источен плански регион

Центарот за развој на Источен плански регион во периодот јануари - декември 2021 година подготви и организираше **5 (пет) седници** на Советот за развој на Источен плански регион.

На ден 31.03.2021 година(среда) и 26.04.2021 година (понеделник) на виртуелната платформа ZOOM, се одржа дваесет и првата Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

1. Усвојување на записникот од Дваесеттата Седница на Советот за развој на Источниот плански регион, одржана на ден 28.12.2020 година и 29.12.2020 година (продолжение);
2. Предлог – Одлука за преотстапување на објект „Партерно уредување со поставување на урбана опрема на Црнодолски водопади – општина Пехчево";
3. Предлог – Одлука за преотстапување на изграден објект „Пристапен пат од с. Оризари до манастир Пресвета Богородица – туристичка населба Добра Вода, општина Кочани";
4. Предлог – Одлука за преотстапување на изграден објект „А.Б. платформа за паркирање на река Отиња во Штип";
5. Предлог – Одлука за преотстапување на изграден објект „Пристапен пат: Долнополски пат (втора фаза) КП 5314 КО Спанчево вон град во должина од 580 м - општина Чешиново – Облешево";
6. Предлог – Одлука за преотстапување на изграден објект „Пристапен полски земјен пат КО Зрновци – КО Виница со должина од 1500 м – општина Зрновци";
7. Предлог – Одлука за преотстапување на реконструирани објекти „Ски лифтови на Пониква (ски лифт бр.1 и ски лифт бр.3)";
8. Предлог – Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2020 година;
9. Предлог – Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршната сметка на Центарот за развој на Источниот плански регион за 2020 година;
10. Предлог – Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршната сметка на Проектот „Програма за зачувување на природата во Македонија – фаза 2" за 2020 година;
11. Предлог – Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршната сметка на Проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - I фаза на спроведување" за 2020 година;
12. Предлог – Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршната сметка на Проектот „Културен мост низ вековите" за 2020 година;
13. Предлог – Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршната сметка на Проектот „Нашето заедничко минато - патека за заедничка иднина" за 2020 година;
14. Предлог – Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион 2015-2019 (која се применуваше и во 2020 година) за 2020 година;
15. Разно.

На ден 02.06.2021 година (среда) во општина Штип, Мултимедијален центар „Киро Глигоров", се одржа дваесет и втората Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

1. Усвојување на записникот од Дваесет и првата Седница на Советот за развој на Источниот плански регион, одржана на ден 31.03.2021 година и 26.04.2021 година (продолжение);
2. Презентација на можностите за развој на ски туризам на Царев Врв, со Предлог – Одлука за назначување на координатор на активностите за развој на ски туризмот и изградба на ски центар Царев Врв - Осоговски планини;
3. Предлог – Одлука за кофинансирање на работата на Центарот за развој на Источен плански регион
4. Предлог – Одлука за преотстапување на реконструираниот и адаптиран објект „Мултикултурен Центар во Кочани“;
5. Информација за обврски на општините за тековно работење на Центарот;
6. Разно

<u>На ден 29.06.2021година (вторник) во општина Кочани, Мултикултурен центар, се одржа дваесет и третата Седница на Советот за развој на Источен плански регион</u>

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

1. Усвојување на записникот од Дваесет и втората Седница на Советот за развој на Источниот плански регион, одржана на ден 02.06.2021 година;
2. Предлог – Одлука за преотстапување на доградeн и реконструиран објект „Дом за стари лица - Берово“;
3. Информација во врска со обврската на Советите на општините за донесување на Одлука за изменување и дополнување/усогласување со Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр. 24/2021) на Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион и донесување на Пречистен текст на Одлуката за основање;
4. Донесување на Деловник за работа на Советот за развој на Источен плански регион;
5. Разно

<u>На ден 19.11.2021 година (петок), во општина Штип, Мултимедијален центар „Киро Глигоров“„ се одржа конститутивната Седница на Советот за развој на Источен плански регион</u>

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

1. Избор на Комисија за верификација на мандатите на членовите на Советот за развој на Источен плански регион;
2. Извештај од Комисијата за верификација на мандатите на членовите на Советот за развој на Источен плански регион;
3. Верификација на мандатите на членовите на Советот за развој на Источен плански регион;
4. Избор на Претседател на Советот за развој на Источен плански регион;
5. Предлог-Одлука за отпочнување на постапка за избор на претставник од бизнис заедницата за член во Советот за развој на Источен плански регион;
6. Предлог-Одлука за отпочнување за распишување на Јавен повик за избор на член во Советот за развој на Источен плански регион - претставник од здруженијата, со мандат од 4 (четири) години.

<u>На ден 24.12.2021 година (петок) во општина Штип, Мултимедијален центар „Киро Глигоров“, се одржа втората Седница на Советот за развој на Источен плански регион</u>

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

1. Усвојување на Записникот од XXIII (Дваесет и третата) Седница на Советот за развој на Источен плански регион одржана на ден 29.06.2021 година;
2. Усвојување на Записникот од Конститутивната Седница на Советот за развој на Источен плански регион одржана на ден 19.11.2021 година;
3. Предлог – Одлука за верификација на мандат на член во Советот за развој на Источен плански регион - претставник од бизнис заедницата;
4. Донесување на Годишниот Акционен план за 2022 година за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион 2021-2026;
5. Финансиски план на Центарот за развој на Источен плански регион за 2022 година, со Предлог – Одлука за усвојување;
6. Предлог – Одлука за преотстапување на конзервиран и реставриран објект „Средновековна Црква „Св. Власие“, Археолошки локалитет – ИСАР, Штип”;
7. Предлог – Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за внатрешна организација на Центар за развој на Источен плански регион;
8. Предлог – Одлука за давање на позитивно мислење по Предлог - Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Центарот за развој на Источен плански регион;
9. Предлог – Одлука за давање на позитивно мислење по Предлог - Правилникот за плати и надоместоци на вработените во Центарот за развој на Источниот плански регион;
10. Предлог – Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во стручната служба на Центар за развој на Источен плански регион;
11. Информација за отпочнат Проект „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – II фаза на проектот“ – презентери претставници од проектна канцеларија при МЛС;
12. Разно.

XII. Седници на Меѓуопштински одбор за управување со отпад во Источен плански регион.

На ден 04.05.2021 година (вторник) на виртуелната платформа ZOOM, се одржа третата Седница на Меѓуопштински одбор за управување со отпад во Источен плански регион.

На седница на Меѓуопштински одбор за управување со отпад во Источен плански регион, беа разгледани и донесени:

1. Избор на претседавач на Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад во Источен плански регион (МОУО на ИПР) поради престанок на мандатот на досегашниот претседавач;
2. Информација за постапката за основање на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК - СЕВЕРОИСТОК ” Свети Николе;
3. Информација за постапките за затворање на постојното Меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад ДЕПОНИЈА ИСТОК ШТИП;
4. Разно.

XIII. Седници на Советот за социјална заштита на Источен плански регион

Согласно член 143 од Законот за социјална заштита (Сл. весник на РМ бр. 104 од 23.05.2019 година), заради планирање и развој на мрежата на социјални услуги на Источен плански регион беше формиран Совет за социјална заштита на Источен плански регион.

Конститутивната седница, согласно Законот, беше свикана на иницијатива од општината со најголем број жители во регионот.

Советот беше конституриан од градоначалниците на единаесетте општини и директорите на шестте центри за социјална работа на подрачјето на Источен плански регион.

На ден 24.12.2021 година (петок) во општина Штип, Мултимедијален центар „Киро Глигоров“, се одржа конститутивната Седница на Советот за социјална заштита на Источен плански регион.

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

1. Конституирање на Советот за социјална заштита на Источен плански регион;
2. Предлог Деловник за работа на Советот за социјална заштита на Источен плански регион;
3. Избор на Претседател на Советот за социјална заштита на Источен плански регион;
4. Предлог за потребата од развивање на социјални услуги во планскиот регион, видот и начинот на воспоставување на услугите.


Изработил:
Андреа Златковска
Координатор за стратешко планирање и регионален развој

Центар за развој на Источен плански регион
Директор
Зујица Ангелова

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН * ШТИП *

ИСТОЧЕН РЕГИОН
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2021 ГОДИНА



Врз основа на член 12 став 1 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Источен плански регион (од 2008 година и од 2021 година), Директорот на Центарот доставува на усвојување Годишен финансиски извештај за работа на Центарот за развој на Источен плански регион до Советот за развој на Источен плански регион.

Основа за изработка на извештајот се:

1. Завршната сметка на Центарот за развој на Источен плански регион за 2021 година и
2. Завршните сметки од проекти за 2021 година:
   - Програма за зачувување на природата во Македонија – фаза 2;
   - Нашето заедничко минато – патека за заедничка иднина;
   - Културен мост низ вековите;
   - Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза I;

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Основна сметка: 880006116678918
ЕДБ: 4029008502164
МБ: 6362800

(во денари)

Ред. бр.	ПРИХОДИ	2020	2021
1.	Пренесен вишок на приходи од претходни години	35.703.484,00	32.208.362,00
2.	Трансфер на средства од општините за тековно работење на Центарот	1.917.983,00	1.264.920,00
3.	Трансфер на средства од МЛС согласно Договорот за соработка	1.200.000,00	1.235.000,00
4.	Трансфер на средства од МЛС согласно договорот за Бизнис Центарот	250.000,00	283.333,00
5.	Приходи од менаџирање на проекти МЛС-БРР	1.200.000,00	939.950,00
6.	Трансфер на средства за реализација на проекти МЛС-БРР	29.800.000,00	22.186.606,00
7.	Трансфер на средства за кофинансирање на проекти од општините	15.866.112,00	16.830.529,00
8.	Трансфер на средства од МЗШВ за реализација на проекти	1.669.784,00	-
9.	Трансфер на средства од АФПЗРР за реализација на проекти	-	23.323.463,00
10.	Приходи од менаџирање на проекти, SDC, CBC, ЕУ	1.298.087,00	1.047.354,00
11.	Приходи од ПЗПМ – 2 (за едно	469.600,00	-

	лице)		
12.	Останати приходи (наплата на гаранција, наплата на штета, и сл.)	2.556.649,00	145.488,00
	ВКУПНО:	**91.931.699,00**	**99.465.005,00**

(во денари)

Ред. бр.	**РАСХОДИ**	**2020**	**2021**
1.	Бруто плати и надоместоци	4.575.898,00	4.381.571,00
2.	Патни и дневни расходи во земјата и странство	52.817,00	80.685,00
3.	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	188.318,00	167.173,00
4.	Горива и масла	45.753,00	79.376,00
5.	Прехранбени продукти, хигиенски средства	33.773,00	26.396,00
6.	Регистрација и осигурување на возило, опрема и патничко осигурување	30.725,00	31.363,00
7.	Поправка и одржување на возило	750,00	2.050,00
8.	Сметководствени услуги	129.282,00	161.670,00
9.	Договорни услуги	811.994,00	326.677,00
10.	Други оперативни расходи	350.387,00	581.896,00
11.	Финансирање на нови програми и подпрограми (проекти)	52.469.623,00	51.059.422,00
12.	Купување на опрема	1.034.017,00	31.900,00
	ВКУПНО:	**59.723.337,00**	**56.930.179,00**
	Пренесен вишок на приходи во наредна година	*32.208.362,00*	*42.534.826,00*

ПРОГРАМА ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПРИРОДАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ФАЗА 2

Сметка на проектот: 8800061166785D2
ЕДБ: 4044017100140
МБ: 6362800

(во денари)

Ред. бр.	ПРИХОДИ	2020	2021
1.	Пренесени средства од претходна година	239.591,00	790.599,00
2.	Трансфери на средства од Фармахем за реализација на проектни активности	3.592.473,00	-
	ВКУПНО:	**3.832.064,00**	**790.599,00**
	РАСХОДИ		
1.	Реализирани проектни активности	3.041.465,00	550.400,00
2.	Повраток на средства	**-**	240.199,00
	ВКУПНО:	**3.041.465,00**	**790.599,00**
	За пренос во наредна година	790.599,00	-

(во денари)

НАШЕТО ЗАЕДНИЧКО МИНАТО – ПАТЕКА ЗА ЗАЕДНИЧКА ИДНИНА

Сметка на проектот: 8800061166785F1
ЕДБ: 4080019128413
МБ: 6362800

(во денари)

Ред. бр.	ПРИХОДИ	2020	2021
1.	Пренесено салдо од претходна година	2.818.085,00	412.818,00
2.	IPA CBC BG_MK	1.963.944,00	10.545.926,00
3.	Средства од национално кофинансирање	277.167,00	1.361.671,00
4.	Трансфер на средства од ЦРИПР	1.500.000,00	-
5.	Трансфер на средства од о. Кочани	4.000,000,00	-
	ВКУПНО:	**10.582.291,00**	**12.320.415,00**
	РАСХОДИ		
1.	Реализирани проектни активности	9.768.278,00	7.481.015,00
2.	Трансфер на средства кон ПП2-партнер	401.195,00	2.675.739,00
	ВКУПНО:	**10.169.473,00**	**10.156.754,00**
	За пренос во наредна година	412.818,00	2.163.661,00

КУЛТУРЕН МОСТ НИЗ ВЕКОВИТЕ

Сметка на проектот: 8800061166785G6
ЕДБ: 4080019129100
МБ: 6362800

(во денари)

Ред. бр.	ПРИХОДИ	2020	2021
1.	Пренесено салдо од претходна година	914.620,00	785.367,00
2.	IPA CBC BG_MK	2.699.693,00	3.983.241,00
3.	Средства од национално кофинансирање	480.261,00	708.202,00
4.	Трансфер на средства од ЦРИПР	2.000.000,00	-
	ВКУПНО:	**6.094.574,00**	**5.476.810,00**
	РАСХОДИ		
1.	Реализирани проектни активности	5.309.207,00	5.288.018,00
	ВКУПНО:	**5.309.207,00**	**5.288.018,00**
	За пренос во наредна година	785.367,00	188.792,00

ОДРЖЛИВ И ИНКЛУЗИВЕН РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ – ФАЗА 1

Сметка на проектот: 8800061166785G6
ЕДБ: 4080019129100
МБ: 6362800

(во денари)

Ред. бр.	ПРИХОДИ	2020	2021
1.	Пренесено салдо од претходна година	3.185.922,00	4.207.307,00
2.	МЛС-SDC	6.127.735,00	8.309.422,00
	ВКУПНО:	**9.313.657,00**	**12.516.729,00**
	РАСХОДИ		
1.	Реализирани проектни активности	5.106.350,00	12.516.729,00
	ВКУПНО:	**5.106.350,00**	**12.516.729,00**
	За пренос во наредна година	4.207.307,00	-

Изработил:
Андреа Златковска
Координатор за стратешко планирање и регионален развој

Центар за развој на Источен плански регион
Директор
Зујица Ангелова

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН * ШТИП *